## Работилница 6. Сексуално вознемирување

### Материјали:

- работен лист за учениците: Доколку наставникот/чката...
- работен лист за учениците: Доколку врсниците...
- прибор за пишување
- материјали за воведна и/или завршна активност

### Воведна активност

Предлог: Име + „Здраво"

### Главна активност 1

Секој добива по еден примерок од работниот лист за учениците: Доколку наставникот/чката..., како и од работниот лист: Доколку врсниците..., на кои одговара со заокружување на една бројка од 1 до 10 зависно колку смета дека опишаните постапки во тврдењата се проблематични и претставуваат сексуално вознемирување (броевите од 1 до 10 претставуваат градација од помалку кон повеќе, па на пример, 1 се заокружува доколку се смета дека постапката опишана во тврдењето многу малку е проблем во смисла да претставува сексуално вознемирување, а 10 се заокружува доколку се смета дека постапката опишана со тврдењето претставува многу голем проблем т.е. сексуално вознемирување).

Откако ќе ги одговорат сите тврдења, учениците се делат во мали групи во чии рамки се пресметува просек за секое тврдење (збирот од заокружените бројки се дели со бројот на ученици во малата група) и за двата работни листа.

Во продолжение секоја група ги претставува своите резултати така што чита две тврдења со најголем просек и две тврдења со најмал просек и од едниот и од другиот работен лист.

На крај заедно со сите се констатира кои тврдења се покажале како најпроблематични на ниво на целата група.

### Дискусија 1

1. Можеме ли да заклучиме кои тврдења се најпроблематични и претставуваат сексуално вознемирување со најголем интензитет?
2. А кои тврдења се најмалку проблематични, односно претставуваат сексуално вознемирување со најмал интензитет?
3. Дали и ракувањето може да се смета за сексуално вознемирување?
4. Постапките на кои сѐ луѓе можеме да ги сметаме за сексуално вознемирување?
5. Дали сте слушнале за појавата „квид про кво" („quid pro quo") или „едно нешто за друго нешто"?
6. Каде сѐ може да се случи сексуално вонемирување?

7. Кои сѐ може да бидат сексуално вознемирени?

## Заклучок

Скоро сите тврдења од работните листови претставуваат сексуално вознемирување, некои се поочигледни, со поголем интензитет, а некои помалку очигледни, со помал интензитет.

Ракувањето обично не би се сметало за сексуално вознемирување бидејќи е начин на однесување прифатен во културата, иако има култури каде што тоа не е прифатливо и претставува облик на сексуално вознемирување. Од друга страна, некогаш зависи и како се ракува. Така на пример, ако ракувањето е придружено со невообичаен стисок на раката или раката бавно се отпушта, тоа исто така може да се смета или да предизвика сексуално вознемирување.

Обично за сексуално вознемирување се сметаат одредени постапки на повозрасните кон помладите, особено малолетните. Но исто така, за сексуално вознемирување се сметаат и одредени постапки на луѓето со поголема моќ, на надредените врз подредените, особено во работни услови. Од друга страна, и кога непознати се однесуваат на одреден начин кон нас, може да биде доживеано како сексуално вознемирување.

За разлика од претходното, одредени постапки помеѓу врсници и/или добри познаници, кои инаку би се сметале за сексуално вознемирување, може да се гледаат како изрази на блискост и/или меѓусебно допаѓање, иако дури и во вакви ситуации може да се случи да се поаѓа од таква претпоставка и да се предизвика обратен ефект, т.е. другата страна тоа да го доживее како сексуално вознемирување.

„Quid pro quo" всушност е барање на одредени услуги во замена за други услуги. Тоа претставува доста чест начин на сексуално вознемирување. На пример, унапредување во работни услови во замена за некои други услуги (најчесто од сексуална природа), или пишување поголема оценка во образованието во замена за нешто друго итн. Тоа е злоупотреба на моќта.

Сексуалното вознемирување е најтипично во работни организации, како и во училишта. Но, може да се случи и на улица, паркови, на отворено итн.

Најчесто жените и девојчињата се тие кои се жртви на сексуално вознемирување, но понекогаш тоа може да бидат и мажи и/или момчиња.

## Главна активност 2

Во рамките на истите групи од претходната активност, се бираат две тврдења од работните листови на кои претходно се работеше и се смислува реакција (што може да се каже или направи) за да се спречи или да се неутрализира постапката на другиот која предизвикува сексуално вознемирување.

Потоа секоја група претставува по една таква ситуација низ играње на улоги.

**Рефлексија**

1. Што правевме денеска?
2. Како се чувствувавте?
3. Што научивме?
4. Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

**Работен лист за учениците: Доколку наставникот/чката...**

| **Сексуално вознемирување е кога наставникот/чката...** | **Заокружи еден број од 1 (малку е проблем) до 10 (многу е проблем)** |
|---|---|
| 1. многу почесто од другите те вади на табла и те тера да пишуваш нешто или да одговараш | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 2. те замолува да останете насамо после часови | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 3. те тапка по рамо | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 4. ти ја гали косата | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 5. зјапа во тебе | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 6. те допира било каде при објаснување на некоја задача или било што друго | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 7. другари/ки од друг клас ти кажуваат дека наставникот/чката го коментирал/а твојот изглед на час во нивниот клас искажувајќи било одобрување или неодобрување | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 8. го коментира твојот изглед на часови во твојот клас искажувајќи било одобрување или неодобрување | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 9. те гушка кога ти е роденден | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 10. се ракува со тебе кога се среќавате во град | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 11. најмногу гледа во тебе додека предава и често ти се насмевнува | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |

**Работен лист за учениците: Доколку врсниците...**

| **Сексуално вознемирување е кога врсник/ци...** | **Заокружи еден број од 1 (малку е проблем) до 10 (многу е проблем)** |
|---|---|
| 1. ти покажуваат гестови со вулгарна содржина кога погледнуваш кон нив | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 2. ти покажува списание или слики со вулгарна содржина | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 3. те тапка по рамо | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 4. ти ја гали косата | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 5. зјапа во тебе | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 6. те допира било каде кога ти помага со објаснување на некоја задача или било што друго | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 7. во ходникот или во школскиот двор ти потсвирнуваат, довикуваат („чксссс") или гласно го коментираат твојот изглед | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 8. те допира без да има твоја дозвола | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 9. тропаат на вратата од соблекувалната и довикуваат нешто | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 10. влегуваат во тоалет во делот што не е наменет за нив | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 11. ти праќаат смс, е-маил или друг вид порака со сексуална содржина | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 12. на влезната врата на училиштето ти бараат да им се насмевнеш за да те пуштат внатре | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |
| 13. те сликаат на мобилен иако ти се противиш на тоа | 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14. теословуваат со „срце“, „шеќерче“, „душо“ итн. | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 15. шират гласини за твојата сексуалност | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 16. теословуваат со погрдни имиња („кучка“, „курва“, „педер“...) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |